**Извештај од проектот „Унапредување на воспитно-образовниот процес за децата со посебни потреби на локално ниво“**

**<u>Носител на проектот:</u>**

Сојуз на дефектолози на Република Македонија

ДХЗ Даре Џамбаз, ул.11 Октомври 42А

1000 Скопје

**<u>Период на реализација: 2010 година</u>**

**<u>Вкупен буџет:</u>** 1.992.780,00 денари

Проектот ,,Унапредување на воспитно образовниот процес за децата со посебни потреби на локално ниво” беше спроведен од Сојузот на дефектолози на Р.Македонија, а овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од Центарот за институционален развој – ЦИРа, а финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC.

Реализацијата на проектот започна во месец јануари 2010 година .Беа опфатени 8 општини во два проектни циклуси во времетраење од по 6 месеци и тоа: Зелениково, Гостивар, Куманово, Неготино, Чучер-Сандево, Тетово, Велес и Кавадарци .Ангажирани беа 15 дефектолози кои посетија вкупно 50 училишта и 44 нивни подрачни единици, како и 7 градинки и 21 нивни клонови опсервираа околу 470 ученици со различен степен и категорија на посебни образовни потреби во редовните училишта и градинки .

***Активности на проектот во општината***

- анализа на состојбата на училиштата, како и во градинката и во нејзините клонови,
- утврдување на бројот на ученици со посебни образовни потреби,
- утврдување на потенцијалите на училиштето.

Беа одржани иницијални и завршните трибини во секоја општина на тема ***,, Состојбата на воспитно образовниот процес за децата со посебни образовни потреби и предуслови за***

***спроведување на истиот на локално ниво,,*** . На трибините присуствуваа наставници, воспитувачи, педагози, психолози, родители и претставници од општината.

*Од самите трибини произлегоа следниве заклучоци:*

- Подигање на јавната свест ( посебно на родителите на децата врсници),
- Организирање на работилници, семинари и трибини за едукација на наставниците и родителите,
- Запознавање на советниците од општината за проблемот на наставниците, стручните служби во редовните училишта, како и проблемите на родителите и децата со ПОП.

После трибините проектните активности продолжија да се одвиваат по планираниот тек.

Се започна со директна работа со наставниците. Родителите исто така добија совети, сугестии и мерки кои треба да ги превземат со цел да му помогнат на нивното дете.

***Во текот на месец април/ноември, одржавме работилница за родители и обука за наставниците. Обуката и работилницата се состоеше од два дела, теоретски и практичен, наставниците и родителите имаа можност:***

- да се запознаат со карактеристиките и начинот на работа со сите категории на деца со ПОП,
- презентирани беа и правата на децата со ПОП и нивните родители,

Посебен акцент на обуките беше ставен на методите и формите кои наставниците (родителите во домашни услови) треба да ги употребуваат во текот на наставниот процес.

Во практичниот дел на обуката, наставниците изработуваа индивидуални наставни планови (долгорочен, среднорочен и дневно планирање), преку кој се разјаснија дилемите околу начинот на пишување на плановите, нивното значење и улога во работата на наставниците, додека пак родители дискутираа за подигнување на јавната свест на општинско ниво и на ниво на училиште, како и за формалната и неформалната соработка наставник – родител.

**Од реализацијата на обуката и работилницата се заклучи дека:**

- Наставниците/воспитувачите имаат потреба од повеќе информации за децата со ПОП и за процесот на инклузија на овие деца во редовното образование;

- Наставниците/воспитувачите имаат потреба од поголема соработка со локалната самоуправа;
- Наставниците/воспитувачите сметаат дека изработката на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП вклучени во редовното образование, ќе го олесни и подобри воспитно-образовниот процес,
- Наставниците/воспитувачите, родителите сметаат дека во училиштата и градинките потребно е вработување на дефектолози,
- Наставниците/воспитувачите сметаат дека е потребна поголема вклученост на општината при подобрување на условите за работа, потреба од поинакви методи и средства за работа.
- Родителите имаат потреба од поголема соработка со локалната самоуправа, и со другите институции во Р.М,

Родителите треба да се мотивираат за формирање на здруженија за деца со ПОП, како и да организираат почести формални и неформални средби на родителите  на децата со ПОП, со цел размена на искуства, поддршка и слично.

## *Општа цел на проектот*

Како општа и долгорочно одржлива цел беше зацртано подобрување на степенот на воспитно образовни услуги за децата со посебни  образовни потреби во предучилишните и редовните училишни установи преку активно вклучување на локалната самоуправа во процесот на обезбедување на стручна помош (дефектолог), користење на сите ресурси за унапредување на процесот на иклузија и вклучување во сите сегменти и фази на развој на инклузивното образование.

Подобрување на степенот на воспитно-образовни услуги за децата со посебни образовни потреби:

- Во сите воспитно – образовни установи во осумте проектни општини како единствен начин за успешна настава, наставниците подготвуваат и спроведуваат индивидуални образовни планови за децата со посебни потреби

Активно учество на локалната самоуправа:

- На почеток на секоја учебната година општината ќе добива известување за вкупната состојба и за бројот на новозапишани ученици со посебни потреби во секое училиште.

- Врз основ на прифатената стратегија ќе реализира активности согласно пријавените потреби на терен

***Остварување на проектната цел по општини:***

Општина Куманово

- Примена на индивидуалните образовни програми во сите училишта
- Усвоена стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП од страна на советот на општината
- Поднесено барање за вработување на стручно лице дефектолог до министерство за образование

Општина Гостивар

- Примена на индивидуалните образовни програми во сите училишта
- Стратегијата за унапредување на в-о процес за децата со ПОП  е имплементирана во глобалната општинска стратегија за воспитание и образование
- Поднесено е барање до министерство за образование и добиена е согласност за вработување на стручно лице дефектолог

Општина Неготино

- Примена на индивидуалните образовни програми во сите училишта
- Усвоена стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП од страна на советот на општината
- Поднесено барање за вработување на стручно лице дефектолог од страна на едно ОУ до општината Неготино

Општина Зелениково

- Примена на индивидуалните образовни програми во единственото основно  училиште
- Доставена е стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП
- Подигната јавна свест за потребата и начините за подобрување на постоечките околности за поуспешен в-о процес

Општина Тетово

- Примена на индивидуалните образовни програми во сите училишта
- Поднесена е стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП до општината
- Поднесено е барање до министерство за образование и добиена е согласност за вработување на стручно лице дефектолог

Општина Кавадарци

- Примена на индивидуалните образовни програми во сите училишта
- Поднесена е стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП до општината
- Успешно лобирање на родителите кај општинската власт за волонтерски ангажман на еден дефектолог.

Општина Велес

- Примена на индивидуалните образовни програми во сите училишта
- Поднесена е стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП до општината
- Вработен е еден дефектолог во ОУ „Васил Главинов“

Општина Чучер Сандево

- Примена на индивидуалните образовни програми во основните училишта
- Доставена е стратегија за унапредување на в-о процес за децата со ПОП до општината
- Подигната јавна свест за потребата и начините за подобар и поуспешен в-о процес во согласност со можностите и постоечките околностиво самата општина

**Долгорочен исход**

- Поквалитетен воспитно-образовен процес за децата со ПОП опфатени со процесот на инклузија на територија на осумте проектни општини
- Повисок степен на соработка меѓу локалната власт и предучилишните и училишните воспитно образовни установи во процесот на инклузија на децата со ПОП

**Од проектот е отпечатен Прирачник за унапредување на воспитно образовниот процес на локално ниво на македонски, албански, турски и србски јазик.**